Врз основа на член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл. Весник на РМ бр.79/09), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02) , член 1 став 3 и член 9 од Законот за јавни претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 38/96,40/03,49/06, и 22/07,83/09) и член 16 од Законот за комунални дејности (Сл. Весник на РМ бр. 45/97, 23/99,45/02 и 16/04) и член 46 став 3 од Законот за управување со отпад (Сл.весник на РМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08), и чл.14. став1 точка 25 од Статутот на Општина Крива Планка (“Службен Гласник на Општина Крива Паланка“ бр.07/06) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 11.01.2010 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ ПЛАНСКИОТ РЕГИОН (ЕКО - ЗОНА)

### Член 1

Со оваа Одлука Советите на општина Куманово, Кратово, Крива Паланка, Липково и Ранковце (Во понатамошниот текст основачи ) основаат заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во Североисточниот плански регион „ЕКО - ЗОНА“.

### Член 2

Јавното претпријатие ќе работи под назив Заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во Североисточниот плански регион „ЕКО - ЗОНА

Скратениот назив на претпријатието ќе гласи:ЗЈП „ЕКО - ЗОНА “.

### Член 3

Седиштето на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ е на ул.„ Илинденска „ б.б. Куманово.

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

### Член 4

Дејности на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА„ се:

- 38.12 - Собирање на опасен отпад
- 38.21 – обработка и отстранување на безопасен отпад
- 38.22 - обработка и отстранување на опасен отпад
- 38.31 – Демонтирање на крш,
- 38.32 – Обновување на посебно издвоени материјали, и
- 39.00 – Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад.
- 43.39 - Останати завршни градежни работи
- 43.99 - Останати специјализирани градежни работи неспоменати на друго место
- 46.77 - Трговија на големо со отпадоци и остатоци
- 71.20 - ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ И АНАЛИЗА
- 81.29 - Останати услуги на чистење,неспомнати на друго место

-81.30- УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ НА УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

Приоритетна дејност е 38.11- Собирање на безопасен отпад.

**Член 5**

ЗЈП не може да врши промена на назив, седиштето и дејноста утврдени во членовите 2,3 и 4 на оваа Одлука, без согласност на осивачите.

**Член 6**

Основачкиот влог за работа на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ изнесува 5.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка, утврден и објавен на денот на уплатата.

Висината на учеството на основачите се определува согласно бројот на жители на секоја Општина во вкупното население во подрачјето што го покрива ЗЈП„ ЕКО-ЗОНА“, односно вкупниот број на жители кои живеат во границите на Североисточниот планскиот регион, според резултатите од последниот попис на населението во РМ објавен од Државниот завод за статистика, и тоа:

1. Општина Куманово која има 105.848 жители ќе обезбеди 193.036,оо денари основачки влог
2. Општина Кратово која има 10.441 жители ќе обезбеди 19.107,оо денари основачки влог
3. Општина Крива Паланка која има 20.820 жители ќе обезбеди 38.100,оо денари основачки влог
4. Општина Липково која има 27.058 жители ќе обезбеди 49.516,оо денари основачки влог
5. Општина Ранковце која има 4.144 жители ќе обезбеди 7.584,оо денари основачки влог

Средствата ќе бидат обезбедени од буџетите на општините, оснивачи и тоа ќе представува Оснивачки влог на ЗЈП.

**Член 7**

ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ е организирано како единствена целина со една заедничка служба и вработени во една работна заедница кое има своја целосна одговорност (ЦО) и одговара со својот целокупен имот.

**Член 8**

Органите на управување на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“:

-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење и
-Директор

**Член 9**

Управниот одбор на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ се состои од 7 члена што ги именува и разрешува советот на општината - Основач.

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седница присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор,тој продолжува да ги врши функциите до именување на нов Управен одбор

**Член 10**

Орган за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Претпријатието е Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во понатамошниот текст: Надзорен одбор).

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЗЈП се состои од 5 члена кои ги именуваат Советите на општините основачи со, мандат од 4 години а по предлог листа од сите градоначалници на општините основачи,донесена со 2/3 гласови.

**Член 11**

Орган на раководење на претпријатието е Директорот на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ .

Директорот на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ го избираат односно разрешуваат, Градоначалниците од сите општини основачи, со две третини гласови од вкупниот број на градоначалници, врз основа на јавен конкурс.

Мандатот на Директорот трае 4 (четири) години.

**Член 12**

Начинот и постапката на кој ќе се спроведуваат Одлуките донесени од органите на управување на Заедничкото јавно претпријатие ќе се пропише со Статутот на претпријатието и соодветните законски прописи.

**Член 13**

Одговорноста на Заедничкото јавно претпријатие за обврските во правниот промет спрема трети лица е целосна и одговара со сиот имот.

Основачите не одговараат за обврските на ЗЈП „ЕКО - ЗОНА“ спрема трети лица.

**Член 14**

Статутот на ЗЈП и именувањето на органите на управување ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Одлуката.Во рок од 3 месеци од денот на уписот во Централниот регистар, ќе се донесат актите за работа на ЗЈП.

**Член 15**

За одговорно лице, кое ќе ги врши работите на ЗЈП “ЕКО - ЗОНА“ до негово конституирање се именува Младен Протиќ од Куманово, со ЕМБГ1604963420036,Адреса на ул. АВНОЈ бр. 139 во Куманово.

**Член 16**

Како основач на ЗЈП може да станат и општини кои што дополнително ќе ги прифатат актите за основање на ЗЈП и ќе го уплатат основачкиот влог, а со согласност на основачите.

**Член 17**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Крива Паланка, а ќе започне да се применува по нејзино усвојување од страна на сите Совети на општините-основачи.

Бр.-07-18/5
11.01.2010 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во северо-источкиот плански регион (ЕКО - ЗОНА)**

1. Се прогласува Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во североисточниот плански регион (ЕКО – ЗОНА), што Советот ја донесе на 12-та седница, одржана на 11.01.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 - 18/6**
**13.01.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за Буџетите („Службен гвесник на РМ“ бр.64/05, 4/08), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 11.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За проширување на средствата на**
**Буџетот на Општината Крива Палнака за 2010 година**

**Член 1**

Со оваа Одлуката се врши проширување на средствата во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите**
**на следните потставки:**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 713111 Данок на имот | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**И се распоредуваат на следните**
**потпрограми и расходни потставки:**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| Ј 40 ЈАВНА ЧИСТОТА | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 485640 Акции и друг капитал | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07- 18/7**
**11.01.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за проширување на средсвата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година**

1. Се прогласува Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година, што Советот ја донесе на 12-та седница, одржана на 11.01.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр. 08 – 18/8
13.01.2010 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник,
Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.

---

Врз основа на член 14, став 1, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 11.01.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**За усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка за период 2010-2012 година**

### Член1

Со оваа Одлука се усвојува Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка за период 2010 – 2012 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Бр.07- 18/3
11.01.2009 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка за период 2010 – 2012 година**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крив Паланка за период 2010-2012 година, што Советот ја донесе на 12-та седница, одржана на 11.01.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 18/4**
**13.01.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во североисточниот плански регион (ЕКО – ЗОНА)..................... 1
2. Заклучок за прогласување на Одлуката за основање на заедничко јавно претпријатие за управување со отпад во североисточниот планкски регион (ЕКО – ЗОНА) .................................................................................. 4
3. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година ........................................................................................... 5
4. Заклучок за прогласување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2010 година ............................. 6
5. Одлука за усвојување на Локален акционен план за родова рамно-правност на Општина Крива Паланка за период 2010-2012 година 6
6. Заклучок за прогласување на Одлуката за усвојување на Локален акционен план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка за период 2010-2012 година ........................................................................... 7

---